**Петар Трајков, Ѓоре Гонев**

# ИНИЦИЈАЦИЈА

## Die Liebe zum Fernsten Kunftingen

Марк Дељан

Лука ја затвори вратата од мојата соба. Останав да лежам во креветот со лицето вкопано во перницата без ни малку да се помрднам. Тој поверува дека спијам и си замина наивно отфрлајќи го секое сомнение дека јас учествував во собирот на белото друштво.

Лука како да беше сигурен дека сум таму, и од сите останати избра да ме брка токму мене. Кога ги видов дека пристигаат, си ја ставив капата фантомка преку главата и лицето, и тоа ми помогна Лука да не ме познае веднаш, но најверојатно тој ја забележа мојата тетоважа на ногата кога паднав бегајќи. Го слушнав како ми го изговори името.

Немаше да успеам да побегнам ако не се случеше една работа. Од зад едно паднато дрво ненадејно изрипа маскиран човек и го изненади Лука со силен удар по градите. Тој падна station наназад додека маскираниот мене ме повлече за раката по удолнината. Долу на патот беше оставен неговиот мотор со кој побегнавме.

Се обидував да дознаам кој е маскираниот човек што ме вози на моторот. Помислив дека маскираниот е некој од моето друштво. Пред населбата ја намали брзината, и застанавме крај патот. Кога ја извади маската, видов дека тоа беше Сергеј од обезбедувањето. Влеговме преку задниот влез на населбата. Ме остави дома и ме советува да легнам бргу и да се преправам дека спијам. Заспав со страв дека утредента ќе ме пријави на посадникот.

Два дена од настанот на планината, после советувањето по повод денот на патронот на организацијата, Сергеј беше уапсен, па сметав дека тој проблем ми е решен.

Кога пред три години братучед ми од Германија беше на гости кај нас, имав можност да се запознаам со неговата активност како водач на едно друштво со идеи за надмоќноста на белата раса. Ја презираше љубовта кон ближниот како стара и досадна работа која треба да се отфрли. Зборуваше со занес за натчовекот на

идните времиња. Наместо љубовта кон човекот, ѝ даваше предност на љубовта кон предметите и привидувањата.

Ме научи да го љубам далечниот натчовек, наместо блискиот човек. Кога и самиот ќе биде далеку одовде, за неговата идеологија ќе сведочат зборовите на Ниче, што во оргинална форма со ноже ги изрежал во потпорната штица од креветов: DieLiebe zum Fernsten Kunftingen – љубов кон далечниот човек.

Наскоро по заминувањето назад, беше осуден за учество во тепачка и во затворот загина. На денот на неговиот погреб зедов заклетва дека неговите идеи ќе ги продолжам. Гордоста е лукавство на човека насочено против себе.

Стариот Анакинов како да го знаеше сето тоа. После средбата со Митрушевски во населбата ми ја даде својата визит картичка, и ми рече дека чесноста не бара причина.

Знаев што значи тоа. Помошничката на Митрушевски ми беше другарка од средното училиште. Порано често го посетуваше домот на Анакинови, бидејќи постоеше љубов меѓу неа и Мино уште од основното училиште. Ми раскажуваше дека Мино ја напуштил, и дека за да му се одмазди, од неговиот дедо украла некоја даска со написи за која тврдеше дека има голема вредност. Навистина даската беше многу стара, и претпоставив дека е многу вредна. Таа ми ја довери да ја чувам неколку дена пред да биде убиена.

Следниот ден се најдов пред вратата од домот на еден од повидните луѓе во градот. Анакинов порано бил важен комунистички функционер, подоцна антикомунистички ориентиран, а во времињата на приватизацијата неправедно се здоби со многу имот. Неговата куќна помошничка ме внесе во една голема соба. По кусо време, во собата влезе стариот Анакинов.

- Знам зошто си дојден - рече влегувајќи во собата. - Те донесе некакво божествено чувство за правда. Сега со сигурност можам да речам дека си моја крв.

Го грабна од моите раце пакетот во кој беше завиткано парчето дрво, и продолжи: - Вистински внук со кој се гореам.

- Внук... семејство - изустив јас во недоумица. Веројатно старецот веќе одамна го изгубил паметењето, па се препознал во мене.

- Да внук, по машка линија, правнук на мојот славен и фален прадедо.

- Јас сум син на Леон Дељан, лекарот - реков. - Тој е роден во Бугарија, Левент него го посвоил во Германија.

- Таа кутрата беше студентка што патеше од некакво психичко растројство, а мојот брат онесреќен од неуспешниот брак, беше лудо вљубен во неа. Неколку дена пред смртта, таа го однела детето во Германија и таму го предала на Левент.

- Ете, погледни овде во ова писмо на штицата, ова е именикот на нашето потомство. Оваа писмо зборува за нашата припадност кон благородничка фамилија која пред балканските војни живеела во околината на градот Кукуш, кој денес е во Грција.

Потоа ја зеде штицата и ми покажуваше со показалецот разни детали по нејзината површина. Таму имаше разни неразбирливи и разбирливи симболи.

- Не сум  знаел - изустив тешко и со недовреба дека потекнувам од некаква кралска фамилија.

- Нормално дека нема да знаеш, мислиш ли дека Левент некогаш ќе ти каже? Ако не се каже целата вистина, тогаш не ли е тоа лага? Ти предлагам во наредниов период да се гледаме често, за да научиш некои работи за светот и најпрво за тебе.

Така се договоривме со стариот Анакинов да го посетувам секоја сабота за тој да ме запознае со мојата вистинска семејна историја. По неколку месеци дознав за нашето семејно учество во историјата и религијата. Дознав за пренесувањето на силата или благодетта и начините за нејзиното пренесување. Почнав да се чувствувам возвишено, бидејќи навлегов во тајните на вечноста, во тајните на друштвото кое со векови го менувало текот на историјата.

- Доколку успешно ти ги пренесам моите знаења, следното лето ќе имаш можност за лична средба со нашиот заеднички роднина, голем и значаен човек. Ќе се трудам да те воведам во тајната сила на нашите виши претци, што ја добиваат поколенијата и предметите низ вековите.

Анакинов ми подари посебна амајлија изработена од скапоцени материјали, што била скриена во некоја  ризница на друштвото во Прага. На позадината имаше сложена гравура со доминантен црвен странично закривен крст, па го прашав Анакинов за согласноста на учењето на друштвото со  Библијата.

- Ниту една јота од Библијата не е во судир со ова што ти го зборувам. Во неа е содржана голема тајна која другите не можат да ја прочитаат, а зборува за Исус, за нашиот народ и  семејството - ми рече.

Поради зафатеноста со оваа работа, почнав почесто да отсуствувам од средбите со Билјана. Нејзиното незадоволство таа го изразуваше со постојано изнаоѓање на разни начини да бидеме заедно, што создаваше нервоза кај мене.

Еден летен ден кон крајот на јуни добив покана за перформанс на една аматерска театарска група Et in Arcadia Ego на локацијата Струмин гроб. Ја поканив Билјана, и таа беше задоволна. После средбата со Анакинов таа саботна вечер со задоцнување пристигнав на перформансот.

Гробот на Струма е археолошки споменик сместен во атарот на село Баница. По само неколку километри пат од градот, со моторот влегов во селото, и поминувајќи по една удолница, пристигнав до гробот на Струма.

Споменикот е доста стар, изграден во неколку концентрично поставени правоаголни катови, направени од варовник и камен, широк и висок околу 2 метри, а долг 4 метри.

Сцената беше поставена веднаш до споменикот. Перформансот на групата беше наречен "Јарилова свадба" и беше во тек, но публика имаше само во првите два реда од поставените столови.

Во категоријата аматери најпрвин учествуваа две момчиња облечени како овчари. Самиот гроб на Струма беше дел од сцената. Додека траеше нивниот дијалог, едниот ја оцртуваше сенката на другиот што паѓаше врз гробот. До нив застанала една прекрасна девојка облечена во раскошна античка облека. Тоа беше заводливата Изабела, која порано се забавуваше со Диме.

Неколку девојки облечени во народна невестинска носија, држеа во рацете невешто изработени кукли од гранки и платно. Една по една ги фрлаа куклите во празната внатрешност на гробот. Кога ќе ја фрлеа куклата, паѓаа на земјата извикувајќи "Ах, ах, леле, ах, ах, леле."

Девојка преправена во момче беше доведена на сцената и го претставуваше Јарило. Откако ги фрлија куклите, од гробот излезе неговата невеста. Повторно тоа беше Изабела, која сега беше полугола, и на телото имаше исцртано крстови. Во рацете држеше златно јаболко. Момчињата и девојките ја кренаа, и ја носеа на раце неколку круга околу сцената.

Билјана седеше во првиот ред. Ми беше непријатно додека се одвива настанот да седнам до неа. Забележав дека крај шанкот поставен на страната стои тетка Дина Гранкова, и отидов до неа. Тетка Дина работи како советник во Министерството за надворешни, а порано работеше во службата за државна безбедност. Дина е сестра на таткото на Изабела, во младоста била другарка со мојата мајка. Мајка ми често велеше дека ја жали својата другарка Дина, бидејќи кариерата го уништила нејзиниот приватен живот.

Таа ме прегрна, беше среќна што се видовме после толку години.

- Прекрасно свират момциве што ги забавуват вечерва гостите со стари песни од струмичкиот крај. Го чуствуваш ли ритамот што го забележал уште патеписецот Грегорас Никифор, кој во 14 век запишал дека овде живеат Варвари, со песни и ора кои звучат миксо фригиски и лидијски.

- Миксо фригиски звучи како песните на најпознатите рок групи - Ролинг Стоунси, Ју-ту, Дип Парпл. Можеби требало да ангажирате некоја позната група.

- Вечерва сѐ е во стилот на струмичкиот фолклор, кој е доста богат. Позната ти е легендата за Струма. Нејзиниот татко војувал против нејзиниот сакан, кој во овој регион дошол од северните краишта и го освоил срцето на девојката. Потоа таа го предала татка си со тоа што му ја открила тајната на securaниот за трагите што ги оставала неговата коњаница која била поткована наопаку. Татко ѝ бил победен, а таа од него проколната девет пати земјата да ја исфрли кога ќе умре. Нејзиниот сакан подоцна бил убиен, но неговиот син станал владетел. Во една легенда таа е Марија, во друга легенда таа се мажи за овчар - рече Дина.

- Некои велат дека овој споменик е од времето на антиката, други пак дека е гроб на турски веломож, но сите придонесуваат сѐ повеќе кон неговата мистичност. Единствено реално е  дека гробот е долг 4 метри и дека има девет ката. Можеби топонимот Струма е дел од  асимилацијата на култот на големата мајка-блудница, срамот на водите - продолжи таа.

- Големата претпотопска мајка Аштарта, нејзината ќерка Астреа која во Египет била Асет, во Вавилон наречена Иштар, обожавана во градот Орбело во Ирак, во Феникија Астарта. Во Фригија Сибела, кај Сасите пак, Фреа - петочница, кај Словените Мокоша, односно тоа е името за астралниот култ на ѕвездата Деница. Таа е грчката Афродита, римската Венера. Оттаму доаѓа името и на овдешните топоними. Реката Струма била нарекувана света река со повеќе светилишта - рече Дина, и се напи од чашата.

- Светите отци на христијанството пак, оваа Астарта ја препознале како дневниот демон Аштарот. Ме потсетивте на Гвидо Фон Лист, кој во името на градот Фрајбург го наоѓа името на божицата Фреја. Можеби и во нашиве топоними може да се најдат старите ентитети  - реков.

- И во Библијата има гроб со должина од 9 кубита како оној на џинот Ог Васански, кого Израил го победи. Девет ката има гробот, можеби сознанието за деветте круга на пеколот, симболот за владеење на злото со земјата, овде било познато пред објавувањето во Дантеовата "Божествена комедија" - рече една девојка што стоеше до нас и го следеше нашиот разговор.

- Што беше значењето на настанот вечерва? - прашав.

- Ова е еден феминистички проект, со цел да покаже дека со смртта на матријахатот не умре и слободата на жената. Таа е мајката која го роди божеството, таа тоа го прави со својата света женска природа и дух.

Во еден момент ја забележав Билјана која заминуваше од перформансот со такси. Се стрчав и застанав пред неа.

- Доцниш на настан за кој си ми обезбедил седиште во првиот ред. Ме срамиш пред сите, не ми се јавувај... - ми префрли Билјана влегувајќи во таксито.

Немав вистински зборови за да се извлечам од непријатната ситуација, особено затоа што често доцнам. Тргнав кон моторот за да се вратам во градот убеден дека повеќе не можам да ја трпам нервозната реакција на Билјана.

- Да те запознаам со Изабела - ми предложи тетка Дина, пред да го стартувам моторот. Зад себе ја влечеше за рака Изабела.

- Веќе се познаваме, но ова е можност да се запознаеме подобро - одговорив загледано во мазното лице на Изабела. Нејзините симпатични очи, привлечната насмевка на лицето само го разбудија немирот што поврзан со неа отсекогаш демнел во мојата утроба.

Се понудив да ја префрлам со моторот до градот. Така започна моето дружење со Изабела, кое подоцна премина во љубовна врска.

Еден ден кон крајот на декември, се разбудив доцна попладне. Потстанав за да го исклучам радиото, и видов дека на малата фотелја до креветот седи Сергеј.

-Добро утро - рече иронично, со намера да ме потсети дека часот е околу еден попладне, затворајќи едно списание што значеше дека седел овде додека да се разбудам. Потоа го вклучи плеерот во мојата соба, и под светлината на Сонцето што паѓаше врз екранот започна еден филм. Се подисправив во креветот. Сцената беше ужаснувачка. На филмот го видов бесењето на Диме.

- Имаш ли идеја кој и зошто би го снимил овој филм? - праша.

- Немам поим - одговорив збунето.

Веста за неговото апсење и екстрадирање сѐ уште се емитува на некои од телевизиите, а тој седи до мене. Дури, ми прикажува филм со бесењето на Диме.

- Не ме интересира - одговорив. - Патем, зарем ти не си уапсен?

- Ако некој треба да биде уапсен, тоа сигурно си ти - ми одврати.

Легнав повторно во креветот и се истегнав. Ги ставив рацете на лицето и ги протрив очите.

Од една црвена папка тој извади слики и ги фрли врз мене. Ги собрав сликите и видов дека се направени на еден од нашите настапи преку белата дружина. На една од нив можев јасно да се препознаам себеси.

- Дојде да ме уценуваш ли? - прашав гледајќи ги сликите.

- Ќе ми помогнеш ли како што ти помогнав онаа ноќ? - праша.

- Звучи како фер барање, како можам да ти помогнам?

- Убеден сум  дека една група на моќни луѓе работи на откривање на некое старо богатство, и има намера да жртвува деца од населбата. Со нив работи твојата Изабела. Претходно ја жртвувале помошничката на Митрушевски. Со нејзината картичка за пристап влегле во просториите на "Традиција"  и го зеле списокот на децата од организацијата - одговори.

- Оваа е премногу чудна  приказна - му реков. - Зошто би верувал дека е така?

- Го виде филмот со Диме, а сега види го и филмот со Доне, Даниела, Матеа и брат ти Мартиријан. Инаку, знаеш дека татко му на Диме рече дека Изабела направила да почне да се чувствува лошо.

- Повторно приказната за вештерката Изабела? - реков. - Изабела можеби е малку полиберална девојка за разлика од локалниве. Татко ѝ е богат човек, кој води бизнис некаде на Средниот Исток, можеби затоа е малку необична.

- Диме е наведен да си го одземе животот преку подготвена напивка, со цел да се задржат некои окултистички принципи. Мислам дека е поврзана со снимањето на овој филм. Тешко е да разбереш, но оние што се занимаваат со окултизам прават такви нешта - рече.

- Изабела не е замешана во тие работи - реков. -Таа го љубела Диме. Сум видел дека го посетува и одржува неговиот гроб.

- Од гробовите на самоубијците вештерките земаат прав, и тоа се нарекува вештерска земја, што подоцна се користи во магија. Вечерва ќе ти докажам. Таа ќе

биде на една археолошка локација. Таму Дина ќе ја подготви за нејзината иницијација. Кога ќе ти докажам, биди со мене и помогни ми понатаму.

- Но, ако не ми докажеш, тогаш ќе си заминеш, а мене ќе ми ги оставиш фотографииве - реков.

- Звучи како фер понуда - одговори тој.

Околу шест часот приквечер како што се договоривме со Сергеј, ѝ се јавив на Изабела со предлог да се видиме вечерта.

- Вечерва сигурно ќе бидам изморена, ќе се видиме утре - ми одговори со мил глас преку телефонот.

Иако никому не признавам, се сомневам дека ме изневерува со еден од нејзините другари. Кога Сергеј предложи да ја следиме, прифатив со страст, бидејќи имав голема желба да проверам што всушност таа прави кога не е со мене.

Со моторот се упатив кон локацијата која Сергеј ми ја откри денеска попладне. Според неговите кажувања, вечерва треба да се случи прединицијација на Изабела во некаков култ, на локација на планината. Изабела никогаш ми нема зборувано на таа тема. Доколку тоа е точно, тогаш навистина сум во право кога се сомневам во нејзината искреност.

Некаде по патот, како што се договоривме, ме пречека Сергеј. Се качи на моторот и се упативме кон локацијата за која наслушнал кога бил во куќата на баба Јага во која живее  Изабела.

На патот до локацијата имаше паркирано две возила. Ги оставиле возилата и заминале кон местото. Го скрив моторот долу крај реката, и се искачивме на височинка над локацијата. Легнавме врз една карпа за да видиме што се случува.

На пољаната среде разоткриениот археолошки локалитет застанале Изабела и нејзината тетка Динка. Под светлината на месечината можев да ја забележам контурата на шоферот на Дина потпрен на едно дрво.

Сакав да слушнам што зборуваат. Потстанав, а Сергеј силно ми го притисна рамото за да ме врати назад. Се истргнав од под неговата рака, и тивко се симнав по долот за да им се приближам и да разберам што се случува. Се приближив ползејќи по земјата и се концентрирав на она што го зборуваат. Ветерот ги носеше зборовите до мене и некои делови ги слушнав добро.

- Овде пред илјадници години се случувала светата иницијација. Тој свет култ во кој се иницирале само избраните. Со него се чистеле луѓето од првиот грев - рече Дина.

- Има мазни камења врз песоков како во морето, иако е планина - се чудеше Изабела.

-Во овој круг од огромни камења бил изграден базен во кој се посвршувале, армасувале, младите. Во Париз, во храмот на нашето друштво, сè е изградено според ваков модел. По дадената лунарна течност, ти си избрана за тој обред.

- Според овој распоред, каде се одвива најважниот дел? - праша Изабела.

- Овде во оваа кула - рече Дина, движејќи се кон едни урнатини во кои таа препознаваше остатоци од кула.

- Тука адептот легнува во ова праисториско вечно почивалиште на силните предци, и ја исповеда својата најголема тајна на срцето. Она што ти мислиш дека е твоја најинтимна работа, нешто што не си го признала никому. По еден месец тоа ќе го направиш во Париз, токму кога месечината ќе биде во иста фаза.

Ја поткренав главата кога го слушнав тоа. Шоферот од другата страна на полјаната замина по патот веројатно кон возилата.

- Сакав да се посоветувам со тебе околу таа тајна на срцето - несигурно проговори Изабела.

- Можеш слободно да кажеш, јас секогаш ќе бидам овде да те поддржам.

- Дали да кажам за собирањето на течноста од вулгарниот живот на телата? Дали тоа спаѓа во тој ред?

-Срцето на човекот ја разбира таа тајна од моментот кога вкусило од забранетото дрво во рајот, заради што човекот бил прогонет оттаму.

- Проблемот е што тоа беше нарачан чин, без никаква суштина и задоволство - рече Изабела, потоа замолкна за кусо и продолжи:

- Течноста од вулгарниот живот на телото ми ја побараа... го обезбедив тоа уште првиот пат кога бевме заедно. Марк не беше толку искусен поради средината во која израснал, иако има повеќе од дваесет години. Ниту пак разбра што се случи. Морам да се исчистам од тоа механичко однесување кон мајката природа.

- Тоа мислам дека беше спомнато во договорот за армасот. Се ближи и денот на карневалот, кога ќе се добие потврда. Анакинов сè уште не му кажал на Марк. Сигурно не дошол до тој степен за да му објасни сè за степените на иницијација.

Едвај се додржав да не станам и да го искажам својот бес. Ми навираа мисли што во мене будеа чувство на измаменост. Изабела никогаш не била моја. Таа никогаш не ми припаѓала мене, бидејќи никогаш не ја зборувала вистината. Љубовта кон вистината прозбори од мене, бидејќи тоа е длабоко човечко чувство. Така е, бидејќи човекот е создаден од Бога. Никаков обред не може да ја замати. Никаква иницијација да ја затемни. Заради љубовта кон далечната идеја, кон призраци од утрешнината, Изабела ја жртвуваше мојата љубов. Погрешно избрала да ме заведе со љубовна измама. Кога ќе разбудиш макар искра на љубов во човекот, не можеш да очекуваш огнот на вистината да не се распламти во него. Вистината и љубовта одат заедно како милоста и правдата.

*(Фрагмент од книгата ОРБЕЛО на Петар Трајков и Ѓоре Гонев, 2009, Аквариус, Скопје)*